# совет за етика во медиумите на македонија

Датум:

23.03.2015г.

## ОДЛУКА ЗА ЗАТВОРАЊЕ НА СЛУЧАЈ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија на ден 06.03.2015 година, лицето Артан Груби поднесе жалба за текстови објавени на интернет порталот Алмакос - "Foli Artan Grubi: Ukraina, megjithatë, nuk është larg" објавен на ден 26.02.2015 година и "BDI i bën ofertë Zaevit, që të mos publikohen "bomba" për Abdilaqimin dhe Grubin" објавен на 28.02.2015 година. Груби во жалбата наведува дека текстовите содржат навреда, лага, клевета, омраза и неетичко известување и кон жалбата приложи активни линкови од текстовите.

Извршната канцеларијата на Советот за етика во медиумите на Македонија, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, веднаш по приемот на жалбата, истата ја препрати до интернет порталот Алмакос со барање уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Главниот и одговорен уредник на интернет порталот Алмакос, Семи Мемети достави одговор на наводите на жалителот. Во својот одговор Мемети наведува дека текстовите се преземени од весникот Лајм и дека Алмакос го објави извинувањето кое го објави Лајм.

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

# совет за етика во медиумите на македонија

На седницата на 20.03.2015 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Артан Груби, како и на главниот и одговорен уредник на Алмакос Семи Мемети.

Согласно наведеното Комисијата за жалби одлучи како во диспозитивот, како резултат на извинување на медиумот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Филип Ѓурчиновски и Сефер Тахири.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Мирче Адамчевски

---

Претседател на Комисијата за жалби

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595